„PHILOLOGICAL STUDIES“ – Славистичко меѓународно интердисциплинарно списание од областа на хуманистичките науки

Издавач

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за македонска литература – Скопје

***Philological Studies,* Vol. XXIV No. 1 (2026)**



Главен уредник

проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева – Институт за македонска литература, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија

Извршен уредник:

д-р Тамара Ќупева – Институт за македонска литература. Скопје, Северна Македонија

Уредувачки одбор

проф. д-р Ивица Баковиќ – Факултет за хуманистички и општествени науки, Универзитет во Загреб, Хрватска

д-р Бојан Чолак – Институт за литература и уметност, Белград, Србија

д-р Нина Дитмајер-Прандо – Институт за словенечка литература и литературни студии, Љубљана, Словенија

проф. д-р Роберт Ходел – Институт за славистички студии, Универзитет во Хамбург Германија

проф. д-р Бранко Тошовиќ – Институт за славистички студии, Универзитет „Карл-Франц“ во Грац, Австрија

проф. д-р Оксана Микитенко – Институт за: уметнички студии, фолклор и етнологија „Максим Рилски“, Национална академија на науки на Украина, Киев, Украина

СОДРЖИНА / CONTENT

Предговор (мк) 17

Preface (en) 18

Предговор (ср) 19

Predgovor (sl) 20

Predgovor (hr) 21

Филозофски и културолошки проблеми / Philosophical-Cultural Problems

Влатко Деловски / Vlatko Delovski

ТЕЛОТО КАКО „ЛОГОС НА ПЕРЦЕПЦИЈА“ /

THE BODY AS LOGOS OF PERCEPTION 25-45

Стефан Марковски / Stefan Markovski

EPIGRAPHIC ILLUSTRATIVE TESTIMONIES/ARTIFACTS FROM THE SITES OF THE VARDAR REGION RELATED TO WINE, GRAPEVINE, AND THE DIONYSIAN /
ЕПИГРАФСКИТЕ СЛИКАРСКИ СВЕДОШТВА/АРТЕФАКТИ ОД ЛОКАЛИТЕТИТЕ ОД ПОВАРДАРИЕТО ПОВРЗАНИ СО ВИНОТО, ВИНОВАТА ЛОЗА И ДИОНИЗИСКОТО 47-65

Катерина Петровска - Кузманова / Katerina Petrovska - Kuzmanova

ДЕМОНСКИТЕ СУШТЕСТВА ВО МАКЕДОНСКИТЕ НАРОДНИ ВЕРУВАЊА /

DEMON CREATURES IN MACEDONIAN FOLK BELIEFS 67-80

Историја и филологија / History and Philology

Давор Јанкулоски / Davor Jankuloski
РАКОПИСОТ НА СЕРАФИМ ДАБИЌ ОД 1873 ГОДИНА – ИЗВОР ЗА ПРОУЧУВАЊЕ НА ТОПОНИМИЈАТА НА СЕЛОТО ОРЛАНЦИ – КИЧЕВСКО /

THE MANUSCRIPT OF SERAFIM DABIĆ FROM 1873 AS A SOURCE FOR THE STUDY OF THE TOPONYMY OF ORLANCI (KIČEVO REGION)..... 83-101

Наталија Поповска / Natalija Popovska
ДИНАСТИЧКИОТ ЛЕГИТИМИТЕТ НА КЛЕОПАТРА ВО ВОЈНИТЕ НА ДИЈАДОСИТЕ /

THE DYNASTIC LEGTIMACY OF CLEOPATRA IN THE WARS OF THE DIADOCHOI 103-121

Јазикот во историско-културолошки контекст (компаративен аспект) / Word in Historical and Cultural Context (Comparative Aspect)

Јана Луческа / Jana Lucheska
МАКЕДОНСКИ, БУГАРСКИ И СРПСКИ ФРАЗЕОЛОГИЗМИ И ПАРЕМИИ СО КОМПОНЕНТА ВОЛК, ВЪЛК, ВУК /
MACEDONIAN, BULGARIAN AND SERBIAN PHRASEOLOGISMS AND PAREMIAE WITH THE COMPONENT WOLF, V`LK, VUK 125-144

Литературата во интеркултурен контекст / Literature in Intercultural Context

Kristina Dimovska / Кристина Димовска
MELANCHOLY IN SELECTED SHORT STORIES BY STEFAN ŻEROMSKI AND SIMON DRAKUL /

МЕЛАНХОЛИЈАТА ВО ИЗБРАНИ РАСКАЗИ ОД СТЕФАН ЖЕРОМСКИ И ОД СИМОН ДРАКУЛ..... 147-167

Александра М. Гецић / Aleksandra M. Gecić
КУЛТУРНИ МОСТОВИ РУСКЕ ЕМИГРАЦИЈЕ: ЖИВОТ И РАД НИКИТЕ САЉНИКОВА У СРБИЈИ /

CULTURAL BRIDGES OF RUSSIAN EMIGRATION : THE LIFE AND WORK OF NIKITA SALNIKOV IN SERBIA 169-187

Neža Kočnik

"DANAS NI KO FČASEH": NAREČNA POEZIJA KOSTELSKEGA POETA IVANA LISACA /

"TODAY ISN'T LIKE IT USED TO BE": DIALECT POETRY BY THE KOSTEL POET IVAN LISAC 189-217

Ана М. Мумовић / Ana M. Mumović

КЊИЖЕВНЕ ТЕМЕ, ПРОБЛЕМИ И АПОРИЈЕ У ТУМАЧЕЊУ ДЕЛА РАДОМИРА ИВАНОВИЋА (У СВЕТЛУ НАУЧНЕ МОНОГРАФИЈЕ МИЛОША ЂОРЂЕВИЋА) /

LITERARY THEMES, PROBLEMS AND APORIAS IN THE INTERPRETATION OF THE WORK OF RADOMIR IVANOVIĆ (IN LIGHT OF THE SCHOLARLY MONOGRAPH BY MILOŠ ĐORĐEVIĆ) 219-243

Современото општество во културата, јазикот и литературата / Modern Society in Culture, Language and Literature

Тијана Балек / Tijana Balek

О (ДАТИВНИМ) КОНСТРУКЦИЈАМА ЕПИСТЕМИЧКЕ ОЦЕНЕ НА МАТЕРИЈАЛУ СРПСКИХ ИНТЕРНЕТ ТЕКСТОВА /

ON (DATIVE) CONSTRUCTIONS OF EPISTEMIC ASSESSMENT IN THE MATERIAL OF SERBIAN INTERNET TEXTS 247-269

Vida Davidović

POMORANDŽINA KORA: (ANTI)DIDAKTIČKA POLITIČKA DRAMA I NJENE IDEOLOŠKE IMLIKACIJE /

(ANTI-)DIDACTIC POLITICAL DRAMA AND ITS IDEOLOGICAL IMPLICATIONS 271-287

Александра Ѓуркова / Aleksandra Gjurkova

МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО ЈАВНАТА КОМУНИКАЦИЈА / MACEDONIAN LANGUAGE IN PUBLIC COMMUNICATION 289-300

Проучување на говорот и лингводидактика / Speech Studies and Language Didactics

Бојана Мандровска, Магдалена Трајческа, Виолета Јанушева / Bojana Mandrovska, Magdalena Trajčeska, Violeta Januševa

КОХЕРЕНЦИЈАТА ВО ПИСМЕНИТЕ РАБОТИ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ /

COHERENCE IN THE MACEDONIAN LANGUAGE WRITTEN ASSIGNMENTS IN PRIMARY EDUCATION 303-315

Биљана Мирчевска-Бошева / Biljana Mirchevska Bosheva

ПРИМЕНА НА КОРПУСИТЕ ВО НАСТАВАТА: СО АКЦЕНТ НА ФРАЗЕМСКИТЕ КОНСТРУКЦИИ /

THE APPLICATION OF CORPORA IN LANGUAGE TEACHING:WITH A FOCUS ON PHRASEME CONSTRUCTIONS 317-340

Кристина Окуличиуте Микац / Kristina Okuličiute Mikac

СТРУКТУРНЫЕ И ФУНКЦИОНАЛЬНЫЕ ОСОБЕННОСТИ СОВРЕМЕННОГО МОЛОДЁЖНОГО СЛЕНГА И ВОЗМОЖНОСТИ ЕГО ИСПОЛЬЗОВАНИЯ В ПРАКТИКЕ ПРЕПОДАВАНИЯ РКИ (УРОВНИ B1–B2) /

STRUCTURAL AND FUNCTIONAL FEATURES OF CONTEMPORARY RUSSIAN YOUTH SLANG AND ITS APPLICATION IN TEACHING RUSSIAN AS A FOREIGN LANGUAGE (LEVELS B1–B2) 341-359

Рецензии и информации / Reviews and Information

Katarina-Antonia Boras

PRIMIJENJENA LINGVISTIKA DANAS I SUTRA /

APPLIED LINGUISTICS TODAY AND TOMORROW 363-369

Наталија Благојевић / Natalija Blagojević

КЊИЖЕВНОСТ И СТРИП: ИНТЕРМЕДИЈАЛНИ ДИЈАЛОЗИ И НОВИ ТЕОРИЈСКИ ОКВИРИ /

LITERATURE AND STRIP:INTERMEDIAL DIALOGUES AND NEW THEORETICAL FRAMEWORKS 371-373

Elena Pavlović
FENOMENI SNA I PROROŠTVA U FOLKLORNIM ŽANROVIMA: SINTETIČKI UVID U SAVREMENA ISTRAŽIVANJA /

PHENOMENA OF DREAMS AND PROPHECY IN FOLKLORE GENRES: A SYNTHETIC INSIGHT INTO CONTEMPORARY RESEARCH 375-379

Сарита Трајанова / Sarita Trajanova
МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „ТАЈНАТА НА ЧОВЕЧКАТА ДУША НИЗ ПРИЗМАТА НА КНИЖЕВНОСТА“ /

INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE "THE SECRET OF THE HUMAN SOUL THROUGH THE PRISM OF LITERATURE" 381-386

UDK: 37.016:811.163.3
UDK: 811.163.3'322:811.163.3'373.7

ПРИМЕНА НА КОРПУСИТЕ ВО НАСТАВАТА: СО АКЦЕНТ НА ФРАЗЕМСКИТЕ КОНСТРУКЦИИ

Биљана Мирчевска-Бошева
Филолошки факултет „Блаже Конески“
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
ORCID ID: https://orcid.org/0000-0001-9146-8538

Клучни зборови: корпусна лингвистика, корпусни ресурси, мултијазичен репозиториум, фразеологија, фраземски конструкции, фразеодидактика, македонски јазик, наставни активности.

Резиме: Современата настава по јазик сè повеќе се ориентира кон методолошки пристапи што овозможуваат автентична, контекстуалнозаснована и истражувачки насочена работа со јазичниот материјал. Во таа насока, корпусната лингвистика, како дисциплина заснована врз анализа на реални јазични податоци, нуди значајни можности за унапредување на наставниот процес. Во трудот се разгледуваат можностите за примена на корпусните ресурси во наставата, со посебен акцент на усвојувањето на фраземските конструкции како специфичен сегмент на фразеолошкиот систем. Поради нивната полуформулна природа, комбинацијата на стабилни и варијабилни елементи, како и силната зависност од контекстот и прагматичката функција, фраземските конструкции претставуваат значаен предизвик во наставата по јазик. Во трудот се анализира потенцијалот на три корпусни ресурси за македонскиот јазик: CLASSLA-web.mk, Електронскиот корпус на македонски книжевни текстови и мултијазичниот репозиториум PhraConRep. Се претставуваат можни модели на корпусно засновани аналитички, компаративни и креативни наставни активности, насочени кон развој на јазична, комуникативна и дигитална компетенција. Посебно внимание се посветува на придобивките и на недостатоците на корпусниот пристап во македонски контекст, како и на потребата од понатамошен развој на корпусната инфраструктура.

THE APPLICATION OF CORPORA IN LANGUAGE TEACHING: WITH A FOCUS ON PHRASEME CONSTRUCTIONS

Biljana Mirchevska Bosheva
Blaze Koneski Faculty of PhilologySs. Cyril and Methodius University in Skopje
ORCID ID: https://orcid.org/0000-0001-9146-8538

Keywords: corpus linguistics, corpus resources, multilingual repository, phraseology, phraseme constructions, phraseodidactics, Macedonian language, teaching activities

Summary: Contemporary language teaching is increasingly oriented toward methodological approaches that enable authentic, context-based, and research-oriented engagement with linguistic material. In this regard, corpus linguistics, as a discipline grounded in the analysis of authentic language data, offers significant opportunities for enhancing the teaching process. This paper examines the possibilities of applying corpus resources in language teaching, with particular emphasis on the acquisition of phraseme constructions as a specific segment of the phraseological system. Due to their semi-formulaic nature, the combination of stable and variable elements, and their strong dependence on context and pragmatic function, phraseme constructions represent a considerable challenge in language teaching. The paper analyses the potential of three corpus resources for the Macedonian language: CLASSLA-web.mk, the Electronic Corpus of Macedonian Literary Texts, and the multilingual repository PhraConRep. It presents possible models of corpus-based teaching activities, including analytical, comparative, and creative tasks aimed at developing linguistic, communicative, and digital competences. Particular attention is devoted to the advantages and limitations of the corpus-based approach in the Macedonian context, as well as to the need for further development of corpus infrastructure.

1. Вовед

Во последните децении корпусната лингвистика зазема сè позначајно место во современите јазични истражувања. Во контекст на наставата и усвојувањето на јазиците, оваа тенденција се смета за дел од т.н. „корпусна револуција“ (Rundell, Stock 1992), којашто го преобликува изучувањето на јазиците

преку премин од традиционални пристапи, засновани врз интуиција кон емпириски пристапи, засновани врз податоци, темелени на анализа на систематски и репрезентативни збирки на јазична употреба познати како корпуси (Curry, McEnery, 2025). Имено, корпусите овозможуваат пристап до автентични јазични примери од различни видови текстови (медиуми, литература, интернет-комуникација, публицистика и секојдневен говор), па преку таков материјал се усвојуваат не само јазичните правила, туку се стекнува чувство за природната употреба на јазикот, за стилските разлики и за комуникативната соодветност на одделни јазични единици. Ваквиот пристап е особено значаен во оние сегменти од јазикот, чие усвојување силно зависи од контекстот и од реалната употреба.

Ако, граматичките правила, најчесто можат релативно јасно да се систематизираат и да се презентираат, усвојувањето на фразеолошките единици бара набљудување на јазичните единици во природни комуникативни ситуации. Во овој контекст, посебно внимание заслужува еден специфичен сегмент од фразеолошкиот систем, фраземските конструкции, чии полуформулна природа, варијабилност и прагматичка условеност ги прават особено сложени за усвојување.

И покрај тоа што станува збор за еден од најсложените сегменти на јазичниот систем, во наставната практика тие често се обработуваат изолирано, без доволно примери, а изборот на наставниот материјал неретко се темели врз интуитивни, наместо врз емпириски критериуми.

Во трудот сме насочени кон разгледување на можностите за примена на корпусните ресурси во наставата[1], со акцент на

[1] Иако дел од активности што ќе бидат претставени можат да се адаптираат и да се применат и во други образовни контексти, трудот првенствено се однесува на наставата во високото образование. Причината за тоа е што фраземските конструкции претставуваат јазични единици, карактеристични за повисоки нивоа на јазична компетенција, чие усвојување бара развиена способност за контекстуална, прагматичка и метајазична анализа. Дополнително, корпусно

усвојувањето на фраземските конструкции и сметаме дека претставува обид да се даде одговор на две клучни прашања: 1. кои корпусни ресурси и методи се најсоодветни за фразеодидактичка обработка и 2. како корпусните ресурси можат да придонесат за поефикасно усвојување на фраземските конструкции во наставата.

2. Корпусната лингвистика и наставата

Корпусната лингвистика претставува дисциплина што го проучува јазикот врз основа на електронски корпуси, односно големи збирки автентични текстови, обработени и организирани за лингвистички истражувања. Според Авезов (2023) станува збор за дисциплина што суштински се разликува од другите лингвистички области бидејќи не е насочена кон директно проучување на конкретен аспект од јазикот, туку станува збор за дициплина, ориентирана кон систем методи за истражување на јазикот. Во таа насока може да се надоврзе и ставот на Нигматова (Nigmatova 2021), според која, во развојот на корпусната лингвистика од почетокот на XXI век се забележува нејзино издвојување како самостојна применета лингвистичка област со формирањето на методот на корпусна анализа и неговата широка примена во сите гранки на лингвистиката. За разлика од традиционалните пристапи, кои често се темелат врз интуицијата на изворниот говорител или врз ограничен број примери, корпусната лингвистика овозможува увид во реалната употреба на јазикот во различни комуникативни ситуации, жанрови и стилови, што овозможува добивање попрецизна претстава за неговото функционирање на сите јазични нивоа (Чилингарян 2021). Корпусната лингвистика нуди широки можности за примена во наставата (Bernardini 2004; Milićević, Samardžić 2010; Posavec 2018; Perišić Arsić 2020). Нејзината вредност особено се согледува во современите методолошки пристапи што ја нагласуваат важноста на автентичната комуникација,

заснованите активности бараат аналитички и дигитални вештини, што вообичаено не се доволно развиени кај помладите изучувачи.

функционалната употреба на јазикот и активното учество на изучувачите во наставниот процес. Така, една од најзначајните предности на примената на корпусите во наставата е автентичноста на материјалот (Dash 2011). Во традиционалните учебници честопати се среќаваат вештачки конструирани примери, кои служат за илустрација на одредено правило, но не ја одразуваат реалната јазична употреба. Корпусите, напротив, овозможуваат пристап до жив јазик, употребен во различни типови текстови. Не е помалку значајна можноста за согледување на јазичните единици во контекст. Значењето на многу зборови и зборовни состави не може целосно да се разбере изолирано, туку само преку контекстот во кој се употребуваат. Корпусите овозможуваат увид во котекстот, што им помага на изучувачите да ги забележат семантичките нијанси, стилистичките разлики и комуникативните функции на определени јазични конструкции. На тој начин, наставата се оддалечува од механичкото меморирање и се насочува кон функционално разбирање на јазикот. Дополнителна предност на корпусниот пристап е можноста за утврдување на честотноста на јазичните единици. Во наставната практика честопати се поставува прашањето кои зборови или кои конструкции треба да се изучуваат приоритетно. Додека интуицијата на изворниот говорител не претставува сигурен показател за реалната употреба на јазикот, корпусните податоци овозможуваат да се утврди колку често се употребува одредена јазична единица, во какви текстови се среќава и со кои зборови најчесто се комбинира. Ова е особено важно при подготовката на наставни материјали и при изборот на лексика и на фразеологија што ќе биде вклучена во наставата.

Корпусниот пристап има и значајна аналитичка вредност. Наместо студентите пасивно да ги усвојуваат готовите правила, тие самостојно ги анализираат јазичните појави и извлекуваат заклучоци од корпусни податоци (Lusta, Demirel, Mohammadzadeh 2023). Таквиот пристап ја поттикнува истражувачката компонента во наставата, развива критичко размислување и ја зголемува јазичната свесност кај изучувачите, кои ги набљудуваат јазичните закономерности, споредуваат

примери и согледуваат различни аспекти на употребата на јазикот.

Корпусите можат да се користат како извор на примери, како средство за анализа на јазични појави, но и како алатка преку која изучувачите самостојно ги откриваат јазичните закономерности. На ова се надоврзува и ставот дека учењето јазик и корпусот имаат три допирни точки: индиректна употреба на корпусот во наставата (референтни извори, наставни материјали и јазични тестови), директна употреба на корпусот во наставата („учење со цел истражување“ и „истражување со цел учење“), како и развој на корпуси за наставни цели (ученички корпуси). Индиректната употреба на корпусот се однесува на дизајнирањето на наставна програма и развојот на наставни материјали и е тесно поврзана со содржината што се изучува (Leech 1997).

Особената важност на корпусниот пристап се потврдува и во наставата по фразеологија (Cheng 2007, Philip 2011, Пивоварова 2019, Добровольский 2020, Идиятова 2020, Селифонова Е. Д., Слепцова Л. А., Залипаева Ж. П. 2024), во која значењето и употребата на единиците во голема мера зависат од: контекстот, стилската припадност и прагматичката функција. Корпусите овозможуваат фразеолошките единици да се анализираат во реални комуникативни ситуации, да се следи нивната фреквентност, варијантност и контекстуална поврзаност, што претставува важна основа за нивно пофункционално усвојување. Особено релевантни во таа смисла се фраземските конструкции, чија полуформуларна природа бара изложеност на разновидни и автентични ситуации.

3. Фразеологијата и наставата

Фразеологијата претставува еден од најсложените и најспецифичните сегменти на јазикот. Фразеолошките единици не се само механички споеви од зборови, туку стабилни повеќекомпонентни конструкции со целосно или со делумно преосмислено значење, изразена експресивност и силна културолошка условеност. Тие претставуваат важен дел од јазичната слика на светот на еден народ и се носители на:

културни, историски и комуникативни информации. Познавањето на фразеологијата претставува неопходен предуслов за постигнување повисоко ниво на јазична компетенција и за активно и соодветно учество во комуникацијата со изворните говорители. Специфичноста на фразеолошките единици произлегува од нивната семантичка и структурна сложеност. Во најголем број случаи значењето на фраземата не може директно да се изведе од значењата на нејзините составни делови. Освен тоа, фраземите често имаат изразена стилска и емоционална компонента, а нивната употреба е поврзана со конкретни комуникативни ситуации. Дополнителен предизвик претставуваат варијантноста, можноста за трансформации и присуството на културноспецифични елементи, кои немаат директни еквиваленти во другите јазици. Токму затоа фразеологијата претставува еден од најголемите предизвици во наставата по мајчин и по странски јазик. Но, и покрај големиот број трудови, речници и монографии посветени на фразеолошките единици, фразеодидактиката и понатаму останува една од најслабо развиените области. Во наставната практика фразеолошките единици често се обработуваат периферно и несистематски, се презентираат изолирано, без доволно автентични и контекстуални примери и процесот се сведува на објаснување на значењето или на механичко усвојување на одделни изрази. Притоа, недостигаат активности што би ја поттикнале нивната реална употреба, препознавање во контекст и разбирање на нивната комуникативна и стилистичка функција. Дополнителен проблем претставува и изборот на фразеолошкиот материјал. Често не постојат јаснодефинирани критериуми за тоа кои единици треба да бидат вклучени во наставата и на кое ниво треба да се изучуваат тие. Авторите на учебници се потпираат, пред сè, врз сопствената интуиција и врз личното чувство за тоа кои единици се важни или типични за јазикот.

3.1. Фраземски конструкции[2]

Фраземските конструкции се дефинираат како синтаксички автономни изрази со стабилен состав што се состојат од еден или на повеќе лексички фиксирани елементи (сидра) и едно или повеќе празни места (слотови). Празните места се пополнуваат со лексички елементи (филери) во согласност со: лексичките, граматичките, комуникативните, стилските и интонациските правила (Добровольский 2016; Баранов, Добровольский 2023). Иако се делумношематски, фраземските конструкции имаат целокупно, апстрактно значење, што не може да се добие едноставно со собирање на значењата на нивните составни делови. Нивната специфичност произлегува токму од спојот на стабилност и варијабилност: од една страна, тие содржат фиксирани елементи, а од друга страна овозможуваат пополнување на определени позиции со различни лексички единици. Поради ваквата полуформулна природа, нивните значење и употреба во голема мера зависат од контекстот, прагматичката функција и комуникативната ситуација, што ги прави особено сложени за усвојување во наставата.

Лексикографската обработка на фраземските конструкции е особено сложена бидејќи нивните лексички фиксирани елементи (сидра) често се многу фреквентни и полисемични службени зборови (на пример, предлози, сврзници или партикули). Поради тоа, нивното вклучување во стандардна речничка статија на соодветниот збор не им овозможува на корисниците лесно да ја пронајдат конструкцијата бидејќи не е секогаш очигледно под кој елемент би требало да се бара.

Сличен проблем се јавува и при корпусното пребарување. Поради нивната структура, фраземските конструкции тешко се

[2] Во литературата овие единици се среќаваат и под називите „фразеошаблони“ (Phraseoschablonen) (Fleischer, 1982), „фразеошеми“ (фразеосхемы) (Шмелев, 1976), „синтаксички фразеологизми“ (синтаксические фразеологизмы) (Иорданская, Мельчук 2007) или како дел од „микросинтаксата“ или „малата синтакса“ (Iomdin, 2016).

идентификуваат со помош на вообичаени пребарувачки алатки, па нивното истражување бара постапки што комбинираат лексички и морфосинтаксички критериуми. Но, развојот на дигиталните корпуси и на напредните алатки за обработка на јазични податоци го поттикна стремежот кон создавање инвентар на конструкциите во еден јазик, т.н. конструктикон (Эндресен, Жукова, Мордашова, Рахилина, Ляшевская 2020). Денес постојат повеќе вакви ресурси за различни јазици (на пример за рускиот јазик – https://constructicon.github.io/russian/about/), кои претставуваат значајна основа за истражување, опис и примена на фраземските конструкции.

Во наставен контекст, ваквите ресурси имаат особена вредност бидејќи овозможуваат фраземските конструкции лесно да се пребаруваат, да се изучуваат врз основа на реална умногу бројни примери, во различни комуникативни ситуации и со увид во нивните варијантност, фреквентност и прагматичка функција. Оттука, корпусниот пристап претставува важна основа за нивно пофункционално и контекстуално усвојување.

4. Корпусни ресурси за македонскиот јазик


Иако македонскиот јазик сè уште не располага со национален корпус, во последните години се појавија дигитални ресурси што можат успешно да се применуваат во наставата и во лингвистичките истражувања. Овие ресурси овозможуваат работа со автентичен јазичен материјал и претставуваат значајна основа за развој на современи наставни модели, особено во областа на лексиката и на фразеологијата. Вниманието ќе го насочиме кон три ресурси и кон можноста на нивно користење при усвојување на фраземските конструкции.

4. 1. CLASSLA-web.mk

Еден од најзначајните современи ресурси за македонскиот јазик е CLASSLA-web.mk 2.0 (https://www.clarin.si/ske/#dashboard?corpname=classlaweb2_mk), кој претставува дел од јужнословенската колекција корпуси CLASSLA-web. Станува збор за прва поширока веб-базирана


колекција што го опфаќа и македонскиот јазик и овозможува пребарување и анализа на јазичен материјал, преземен од интернет-просторот. Корпусот е создаден врз основа на текстови, собрани од македонски веб-домени, а податоците се прочистени и лингвистички обработени дополнително. CLASSLA е морфосинтаксички анотиран и лематизиран. Дополнително, текстовите се категоризирани според жанр, при што се издвојуваат категории како: вести, информативни текстови, публицистика, форуми, промотивни содржини, инструкции и други типови комуникација (Ljubešić, Rupnik, Kuzman 2024; Ljubešić, Kuzman 2024).

Особено значајни за наставниот процес се можностите за пребарување што ги нуди овој корпус. Наставниците и студентите можат да пребаруваат конкретни лексеми, фраземи и фраземски конструкции и да добијат примери од нивната употреба во различни контексти. Како илустрација може да се посочи пребарувањето на фраземската конструкција *деца како деца.* Пребарувањето даде 14 примери на употреба на конкретната фраземска конструкција. Освен основното пребарување, алатките на корпусот ни овозможуваат за ова пребарување да добиеме информација и за честотноста, за контекстот во кој се употребува, за жанрот на текстовите во кои е регистрирана, за изворите од кои се извлечени примерите, а со помош на дополнителен филтер може да се селектираат добри примери што се препорачани за употреба во речник или во настава.



Приказ на основно пребарување на фраземската конструкција луѓе како луѓе

Особено значајна за анализата на фраземските конструкции е можноста за напредно пребарување, кое овозможува идентификување на варијабилните позиции (филери) во рамките на определена конструкциска шема. На тој начин можат да се издвојат различни реализации на иста конструкција и да се анализираат продуктивноста и фреквентноста на шемата, најчестите филери и други параметри (Parizoska 2025).




Приказ од напредното пребарување на фраземската конструкција X како X

4.2. Електронскиот корпус на македонски книжевни текстови

Уште еден ресурс со значаен потенцијал за наставна и истражувачка примена претставува Електронскиот корпус на македонски книжевни текстови, достапен на страницата на

Македонската академија на науките и уметностите. Овој корпус содржи околу 130 дигитализирани дела од македонската книжевност и овозможува пристап до јазичен материјал од различни автори, стилови и временски периоди. За разлика од CLASSLA, кој се темели врз разновидни интернет-содржини, овој ресурс овозможува анализа на литературниот јазик и книжевниот стил. Додека веб-корпусите ја одразуваат современата, често неформална употреба на јазикот, книжевниот корпус нуди увид во стилски обликуван и естетски обработен јазичен материјал. Ова е особено важно во наставата по фразеологија бидејќи студентите можат да согледаат како истите единици функционираат во различни комуникативни средини. Иако самиот корпус не располага со напредни пребарувачки можности како специјализираните корпусни системи, со помош на програмата AntConc, можат да се создаваат сопствени корпуси и да се анализираат избрани текстови. На пример, можат да се формира корпус, составен од дела на еден автор, од определен жанр или од конкретен книжевен период, а потоа да пребаруваат специфични јазични конструкции и единици. Основното пребарување на конкретна фраземска конструкција (на пр. *мажот си е маж*) ќе ни даде примери за нејзината употреба во конкретниот корпус.



Приказ на пребарување на фраземската конструкција: мажот си е маж

Напредното пребарување за моделот *X си е X* ќе ни даде увид во различните филери што може да се јават на слотовите, како на пример: *мажот си е маж, редот си е ред, жената си е жена*, *добитокот си е добиток, мајка си е мајка* и сл., ќе ни даде конкретни примери од уметничката литература во која се употребени, како и информација за: изворот, контекстот и фреквентноста.

4.3. PhraConRep

Трет ресурс што ќе биде претставен е Мултијазичниот репозиториум на фраземски конструкции во централно- и источноевропските јазици (PhraConRep), кој се развива во рамките на меѓународната COST-акција (https://phraconrep.com/) и треба да стане достапен во 2027 година. Главната цел на проектот е развој на систематски пристап за евидентирање, анализа, преведување и споредување на фраземските

конструкции во јазиците опфатени со акцијата[3]. Во рамките на репозиториумот секоја фраземска конструкција се обработува според прецизноутврдена и повеќеслојна структура, која овозможува истовремено лингвистичко, функционално и контрастивно опишување на единицата. Обработката на единицата започнува со определување на нивото на јазична компетенција на кое припаѓа, по што следуваат податоци за нејзините семантички и прагматички функции. Централно место во описот има дефиницијата на значењето, а потоа следи подробен опис на морфолошките и на синтаксичките карактеристики, се даваат информации за можноста за употреба во различни жанрови и типови дискурс. Посебно значаен сегмент претставуваат примерите, кои не служат само како илустрација, туку овозможуваат да се следат различните прагматички нијанси на конструкцијата во реална употреба. Дополнително, во репозиториумот се внесуваат и преводни еквиваленти, коментари за преводот, сродни конструкции, синонимични модели и инфомација за степенот на продуктивност. Репозиториумот предвидува и дидактички компоненти, меѓу кои интерактивни вежби на платформата LearningApps, за секоја фраземска конструкција. Според тоа може да се заклучи дека PhraConRep не е замислен само како истражувачки ресурс, туку и како практична алатка за: наставата, преведувањето и изучувањето на јазиците. Во наставен контекст ќе може да се користи за компаративна анализа, за развивање преведувачки компетенции и за изучување на фраземските конструкции во поширок комуникативен и меѓукултурен контекст. Благодарејќи на неговиот мултијазичен пристап, ќе може да споредуваат фраземски конструкции во различни јазици, да се анализираат нивните сличности и разлики и да се развива поголема свест за прагматичките и културолошките аспекти на јазикот.

[3] Како основни јазици се земени германскиот и рускиот, а вклучени се уште 11 словенски (македонски, српски, црногорски, босански, хрватски, словенечки, бугарски, украински, чешки, полски, словачки и 3 несловенски (турски, унгарски и албански) јазици.

5. Примена на корпусите во наставата

Претставените ресурси нудат различни можности за пребарување, анализа и интерпретација на фраземските конструкции и претставуваат основа за развој на корпуснозасновани наставни активности. Тие можат да се применат за: аналитички, компаративни, креативни и активности за подобрување на дигиталната писменост. Во продолжение ќе бидат разгледани конкретни модели на нивна примена во наставата.

5.1. Аналитички задачи

Еден од најчестите и најефективни модели на работа со корпуси се аналитичките задачи. Во вакви активности студентите пребаруваат конкретна фраземска конструкција во корпус и ги анализираат добиените примери.

На пример, наставникот може да зададе фраземска конструкција, како што се: *X си е X*; *не само X, туку и Y* или *X како X,* а студентите треба да ги идентификуваат варијабилните позиции, на пр.: *мажот си е маж, жената си е жена, редот си е ред, мајка си е мајка* и да утврдат кои филери се најчести, во какви текстови се јавуваат и каква прагматичка функција има конструкцијата во различни контексти.

Преку ваквите активности студентите добиваат улога на истражувач (Bernardini 2004) и постепено развиваат способност за самостојна анализа на јазичниот материјал. Предностите на овој вид настава се: подинамични часови, студентите стануваат централни и активни учесници во наставниот процес, без директна авторитарна улога на наставникот, кој функционира како советник и медијатор. На овој начин наставникот пристапува кон проблематичните наставни содржини на иновативен и на поттикнувачки начин (Perišić Arsić 2020).

5.2 Компаративни задачи

Корпусите овозможуваат и реализација на компаративни активности, особено значајни во наставата по странски јазик и во

преведувачката практика. Во овие задачи студентите споредуваат фраземски конструкции од два или повеќе јазици и ги анализираат нивните семантички, структурни и прагматички особености.

На пример, може да се споредуваат македонски и руски конструкции: *X си е X* и *X есть X*; *не само X, туку и Y* и *не только X, но и Y*; *X како X* и *X как X*. На овој начин студентите анализираат дали конструкциите се еквивалентни целосно, дали се јавуваат исти или различни филери, дали има разлики во стилската употреба, дали конструкциите се подеднакво фреквентни во двата јазика и сл. Ваквите задачи се особено погодни за развивање меѓукултурна и преведувачка компетенција и за согледување на специфичностите на фраземските конструкции во различни јазици.

5.3. Креативни задачи

Корпусната работа не мора да биде ограничена само на анализа. Корпусите можат да послужат како поттик за различни креативни активности што ја развиваат продуктивната употреба на фраземските конструкции.

Еден можен модел е студентите, врз основа на корпусно пребарување, да составуваат сопствени реченици или кратки текстови со употреба на определени конструкции. На пример, по анализа на конструкцијата *X си е X,* студентите можат да состават краток дијалог во кој ќе ја употребат конструкцијата или да создадат современ комуникативен контекст за конструкцијата. Кон овие задачи може да бидат надоврзани и трансформациските активности, при кои студентите треба да преобразат неутрални искази во конструкции или обратно – да ја парафразираат конструкцијата со нефразеолошки израз. Одредени ресурси нудат можност и за интересни визуелни прикажувања на резултатите, што е поврзано со развојот на кретаивната способност кај студентите.

5.4. Активности за подобрување на дигиталната писменост и на работа со алатки

Современите корпусни платформи овозможуваат интегрирање на различни активности од типот на: организирање дигитални мини истражувања на одреден корпус, при кои студентите вршат квалитативна и квантитативна анализа (Bennett 2010); изработка на мали корпуснозасновани бази на фраземски конструкции и нивни варијанти; работа со конкордантни линии и нивна интерпретација; користење филтри, метаподатоци и напредни пребарувачки опции за издвојување релевантни примери; споредбена анализа на податоци од различни корпуси; како и подготовка на кратки извештаи, презентации или визуелизации на резултатите добиени преку корпусно истражување. Ваквите активности придонесуваат за развивање дигиталната писменост и за истражувачките вештини.

6. Придобивки и предизвици

Примената на корпусите при изучувањето на фраземските конструкции претставува извонредна можност да се работи со автентичен и со разновиден јазичен материјал наместо со изолирани и со вештачки конструирани реченици. На тој начин, наставата станува поблиска до реалната употреба на јазикот. Преку пребарување и анализа на корпусни податоци, изучувачите стануваат своевидни јазични „детективи“, кои самостојно истражуваат и ги согледуваат јазичните закономерности (Curry, McEnery 2025: 233). Иако, на почетокот, процесот е побавен од традиционалните пристапи, на долг рок тој е покорисен бидејќи изучувачите не само што стекнуваат јазични знаења и вештини, туку развиваат автономија, информациско-комуникациски компетенции и животни вештини (Boulton 2009).

Употребата на корпусите е корисна не само за изучувачите, туку и за наставниците, особено кога тие не се изворни говорители на јазикот што го предаваат бидејќи делумно го намалува товарот наставникот да знае сè. Исто така, наставниците не мора исклучиво да се потпираат врз сопствената

интуиција кога проценуваат дали нешто е прифатливо или соодветно во даден контекст.

Но, и покрај огромното значење на корпусниот пристап, постојат и низа ограничувања и предизвици. Така, кај дел од студентите, големиот обем на податоци може да предизвика конфузија и преоптоварување. Истражувачките задачи бараат повеќе време и напор во споредба со традиционалната настава. Покрај тоа, студентите се соочуваат со повеќе тешкотии од типот на: непознат вокабулар; неочекувани резултати; анализа на голем број јазични образци; формулирање правила; интерпретација на јазичните податоци и др. Обесхрабрувачки можат да дејствуваат и тешкотиите при работа со интерфејсот и со синтаксата на пребарување; спроведувањето несоодветни пребарувања и погрешното толкување на податоците. Вештините за користење конкордантни програми и за формулирањето соодветни пребарувачки барања бараат време и напор за да се развијат (Leńko-Szymańska, Boulton 2015). Овде мора да се земе предвид дека овој вид учење е најсоодветен за многу напредни изучувачи, кои ги пополнуваат празнините во своето знаење, а не ги поставуваат неговите темели (Hunston 2002).

Една од пречките за поширока интеграција на дигиталните ресурси во наставниот процес е и фактот дека дел од наставниците немаат доволно искуство во работа со корпусни алатки и конкордантни програми. Дополнително, тие претпочитаат строгоструктурирани задачи со предвидливи исходи, наместо истражувачки задачи, кои можат да предизвикаат чувство на неудобност поради губењето контрола врз наставниот процес. Кон ова треба да се додаде и факторот време, односно изборот на соодветен материјал, подготовката на задачи и обработката на корпусните податоци бара повеќе време во споредба со традиционалните наставни модели.

Овде не можеме, а да не го споменеме и можеби и најголемиот проблем, т.е недостигот на развиени и систематизирани корпуси за македонскиот јазик. Иако постојат значајни иницијативи и поединечни ресурси, сè уште недостасува

целосен национален корпус што би овозможил поширока и посистематска примена во наставата и истражувањата.

Надминување на дел од преидзвиците и подобрување на резултатите од работата може да се постигне преку неколку чекори: 1. обезбедување печатени материјали со јасни насоки, инструкции и примери што го моделираат процесот за изучувачите што помага полесно да се ориентираат и ја намалува конфузијата при првичната работа со корпусни податоци; 2. давање контролирани или структурирани вежби на почетокот, со што се ограничува обемот на корпусните податоци и се насочува вниманието кон конкретни јазични особености; 3. обезбедување експлицитни упатства за анализа и за изведување заклучоци врз основа на корпусни податоци; 4. давање повратна информација за првичните обиди на изучувачите да анализираат корпусни податоци, укажувајќи на грешки во заклучоците, недостиг од докази што ги поткрепуваат тврдењата или на неефикасни стратегии за да се избегне повторувањето на слични грешки; 5. овозможување работа со поискусен или со покомпетентен врсник бидејќи социјалната интеракција и стручната поддршка можат да го олеснат процесот и 6. постепено намалување на поддршката со текот на времето и со стекнувањетот повеќе искуство и успех во самостојната анализа на корпусни податоци (Lusta, Demirel, Mohammadzadeh 2023).

Сепак, и покрај сите препреки и ограничувања, придобивките од корпусната примена значително ги надминуваат предизвиците, особено во контекст на современите тенденции за дигитализација и за модернизација на наставата.

7. Заклучок

Анализата покажа дека корпусната лингвистика претставува значајна методолошка основа за современ пристап во наставата по јазик, особено при изучувањето на фраземските конструкции како комплексни, контекстуално чувствителни и делумношематски јазични единици. Примената на корпусни ресурси овозможува нивно изучување врз основа на реална јазична употреба, со увид во структурната варијантност,

честотата, прагматичката функција и комуникативниот потенцијал на конструкциите.

Разгледаните ресурси, CLASSLA-web.mk, Електронскиот корпус на македонски книжевни текстови и мултијазичниот репозиториум PhraConRep, покажуваат дека и во услови на ограничена корпусна инфраструктура постојат значајни можности за развој на корпуснозаснована фразеодидактика. Нивната примена овозможува креирање: аналитички, компаративни, креативни наставни активности, кои придонесуваат за пофункционално усвојување на фраземските конструкции.

Истовремено, трудот укажува на потребата од понатамошен развој на корпусните ресурси за македонскиот јазик, особено преку создавање национален корпус, специјализирани репозиториуми и наставни материјали засновани врз автентична јазична употреба. Дополнително, интеграцијата на корпусните методи во наставната практика претпоставува и соодветна методичка и техничка подготовка на наставниот кадар.

Оттука, корпусната лингвистика не треба да се разгледува само како техничка поддршка на наставата, туку како методолошки пристап, што може суштински да придонесе за унапредување на фразеодидактиката и за развој на: современи, функционални и комуникативно ориентирани модели на наставата по јазик.

Литература / References:

Авезов, Сухроб С. (2023) Корпусная лингвистика: новые подходы к анализу языка и их приложения в обучении иностранным языкам, *IBAST* Volume 3. 177-181.[Avezov, S. S. (2023). Corpus linguistics: new approaches to language analysis and their applications in foreign language teaching]. IBAST, Volume 3. 177–181. (In Russian.)

Баранов, Анатолий Н., Добровольский, Дмитрий О. (2023) Об одном классе фразеологизмов в русском языке (фразеологизмы-конструкции). *Социальные и гуманитарные науки. Отечественная и зарубежная литература*. *Серия 6: Языкознание* № 3. 130–139. [Baranov, A. N., Dobrovol'skii, D. O. (2023). On one class of phraseological units in Russian (phraseological constructions) Social

Sciences and Humanities. Domestic and Foreign Literature. Series 6: Linguistics], № 3. 130–139. (In Russian.)

Добровольский, Дмитрий О. (2016) Грамматика конструкций и фразеология. *Вопросы языкознания*, 3. 7-21. [Dobrovol'skii, D. O. (2016). Construction grammar and phraseology]. Вопросы языкознания [Topics in the Study of Language], № 3. 7–21. (In Russian.)

Добровольский, Дмитрий О. (2020) Корпусный подход к исследованию фразеологии: новые результаты по данным па раллельных корпусов. *Вестник Санкт-Петербургского университета. Язык и литература* № 3. [Dobrovol'skii, D. O. (2020). The corpus-based approach to phraseology research: new findings from parallel corporaVestnik of Saint Petersburg University. Language and Literature], № 3. URL: https://cyberleninka.ru/article/n/korpusnyy-podhod-k-issledovaniyu-frazeologii-novye-rezultaty-po-dannym-parallelnyh-korpusov (пристапено на датум: 05.04.2026). (In Russian.)

Идиятова А.М. (2020) Использование лингвистического корпуса в обучении фразеологии в языковом вузе. *StudNet* №11.. URL: https://cyberleninka.ru/article/n/ispolzovanie-lingvisticheskogokorpusa-v-obuchenii-frazeologii-v-yazykovom-vuze (датум на пристапување: 26.03.2026) [Idiyatova, A. M. (2020). The use of a linguistic corpus in teaching phraseology at a language university] (In Russian.)

Иорданская, Л. Н., Мельчук, И. А. (2007) *Смысл и сочетаемость в словаре*. Москва: Языки славянских культур. [Iordanskaya, L. N., Mel'chuk, I. A. (2007). Meaning and combinability in the dictionary Moscow: Yazyki slavyanskikh kul'tur]. (In Russian.)

Пивоварова, Екатерина. В. (2019) Метод корпусного анализа в изучении фразеологии немецкого языка. Теоретический обзор. *Филологические науки. Вопросы теории и практики* №12. URL: https://cyberleninka.ru/article/n/metod-korpusnogo-analiza-v-izuchenii-frazeologii-nemetskogo-yazyka-teoreticheskiy-obzor (датум на пристапување: 10.03.2026). [Pivovarova, E. V. (2019). The corpus-based method in the study of German phraseology: a theoretical overview Philological Sciences. Issues of Theory and Practice] (In Russian.)

Селифонова, Е. Д., Слепцова Л. А., Залипаева Ж. П. (2024). Перспективы работы с лингвистическим корпусом в аспекте исследования фразеологического фонда национального языка. *Филологические науки. Вопросы теории и практики* том 17. 110 - 115. [Selifonova, E. D., Sleptsova, L. A., Zalipaeva, Zh. P. (2024). Prospects for working with a linguistic corpus in the study of the

phraseological repertoire of a national language. Philological Sciences. Issues of Theory and Practice] (In Russian)

Чилингарян, К.П. (2021) Корпусная лингвистика: теория vs методология. *Вестник Российского университета дружбы народов. Серия: Теория языка. Семиотика. Семантика* Т. 12, № 1. 196—218. [Chilingaryan, K. P. (2021). Corpus linguistics: theory vs. Methodology RUDN Journal of Language Studies, Semiotics and Semantics] (In Russian)

Шмелев, Д.Н. (1976) *Синтаксическая членимость высказывания в современном русском языке*. Москва: Наука. [Shmelev, D. N. (1976). Syntactic divisibility of utterances in modern Russian Moscow: Nauka. (In Russian)

Эндресен, А. А. и др. (2020) Русский Конструктикон: новый лингвистический ресурс, его устройство и специфика. *Компьютерная лингвистика и интеллектуальные технологии: По материалам ежегодной международной конференции «Диалог» (Москва, 17 июня — 20 июня 2020 г.)* Москва: Изд-во РГГУ. 241–255. [Endresen, A. A. et al. (2020). Russian Constructicon: a new linguistic resource, its structure and specific features In: Computational Linguistics and Intellectual Technologies: Proceedings of the Annual International Conference "Dialogue" (Moscow, June 17–20, 2020) Moscow: Russian State University for the Humanities Press. (In Russian.)

Ackerley, K. (2017). Effects of corpus-based instruction on phraseology in learner English. *Language Learning & Technology*, 21(3). 195–216.

Bennett, Gena R. (2010) Using Corpora in the Language Classroom: Corpus Linguistics for Teachers, Michigan: University of Michigan Press

Boulton, Alex (2009). Data-driven Learning: Reasonable Fears and Rational Reassurance, *Indian Journal of Applied Linguistics*, 35. 81–101.

Boulton, Alex (2012a). Corpus consultation for ESP. A review of empirical research. A. Boulton, S. Carter-Thomas, E. Rowley-Jolivet (Eds.), *Corpus-informed research and learning in ESP: Issues and applications*. Amsterdam: John Benjamins. 261–291.

Boulton, Alex (2012b). Hands-on / hands-off: Alternative approaches to data-driven learning. J. Thomas, A. Boulton (Eds.), *Input, process, and product: Developments in teaching and language corpora.* Brno: Masaryk University Press. 152–168.

Cheng, W. (2007). Concgramming: A Corpus-Driven Approach to Learning the Phraseology of Discipline Specific Texts. *CORELL: Computer Resources for Language Learning* 1. 22-35.

Curry, Niall, McEnery, Tony (2025) Corpus linguistics for language teaching and learning: A research agenda. *Language Teaching*, 58. 232–251.

Dash, Niladri Sekhar (2011). Corpus-Based English Language Teaching: A New Method. URL: http://www.academia.edu/30190349/CorpusBased_English_Language_ Teaching_A_ New_ Method (пристапено на датум: 12.032026)

Fleischer, Wolfgang (1982). *Phraseologie der deutschen Gegenwartssprache*. Leipzig: Bibliographisches Institut

Hunston, S. (2002). *Corpora in Applied Linguistics*. Cambridge: Cambridge University Press.

Iomdin, Leonid. (2016). Microsyntactic Phenomena as a Computational Linguistics Issue. *Proceedings of the Workshop on Grammar and Lexicon: interactions and interfaces (GramLex)*, Osaka: The COLING 2016 Organizing Committee. 8–17.

Leech, Geoffrey (1997). Teaching and language corpora: a convergence. A. Wichmann, S. Fligelstone, T. McEnery i G. Knowles (ed.), *Teaching and Language Corpora*. London: Longman. 1–23.

Leńko-Szymańska, A., Boulton, A. (2015). Introduction: Data-driven learning in language pedagogy. A. Leńko-Szymańska, A. Boulton (Eds.) *Multiple affordances of language corpora for data driven learning*. Amsterdam: John Benjamins. 1–14.

Ljubešić, Nikola; Rupnik, Peter and Kuzman, Taja (2024) Macedonian web corpus CLASSLA-web.mk 1.0, Slovenian language resource repository CLARIN.SI, URL: http://hdl.handle.net/11356/1932 (пристапено на датум 02.04.2026)

Ljubešić, Nikola, Kuzman, Taja. (2024). CLASSLA-web: Comparable Web Corpora of South Slavic Languages Enriched with Linguistic and Genre Annotation. Nicoletta Calzolari et al. (ed.) *Proceedings of the 2024 Joint International Conference on Computational Linguistics, Language Resources and Evaluation (LREC-COLING 2024*). Torino: ELRA and ICCL. 3271–3282.

Lusta, A, Demirel, Ö., Mohammadzadeh, B. (2023) Language corpus and data driven learning (DDL) in language classrooms: A systematic review, *Heliyon* Issue 12. URL: https://www.sciencedirect.com/science/article/pii/S2405844023099395 (пристапено на датум 04.04.2026)

Milićević, M., Samardžić T. (2010), Korpusi kao sredstvo za postizanje autonomije u učenju stranog jezika. J.Vučo and B.Milatović (ur.) *Autonomija učenika i nastavnika u nastavi jezika i književnosti*. Nikšić: Filozofski fakultet. 387–399.

Nigmatova L. K. (2021) Language and cultural issues in uzbek vocabulary. *Scientific reports of Bukhara State University* №. 1. 30-49.

Parizoska, Jelena (2025). Corpus research of PhraCons in South Slavic and West Slavic languages. Zagreb Training School, April 14-16, 2025.

Perišić Arsić, O. (2020) Upotreba korpusa u didaktici srpskog jezika kao stranog. *Српски као страни језик у теорији и пракси IV.* Београд: Филолошки факултет. 103-115.

Philip, G. (2011) "… and I dropped my jaw with fear." The role of corpora in teaching phraseology. N. Kübler (ed) *Corpora, Language, Teaching and Resources: From Theory to Practice.* Frankfurt: Peter Lang.

Posavec:, Kristina (2018) Uporaba korpusa u poučavanju hrvatskoga kao drugoga i inoga jezika. *Studia lexicographica,* 22. 63–84

Rundell, M., Stock, P. (1992). The corpus revolution. *English Today*, 8(3). 21–32.